РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1889/6
26-07-2021

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 50-тата седница на ДКСК одржана на ден 21.07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 08-1889 од 2020 година, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето ____________, член на __________________, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-1889/1 од 07.05.2020 година.

Предметот број 08-1889/1 од 07.05.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-1889/1 од 07.05.2020 година е оформен по доставена анонимна пријава во која се укажува дека _________________, во анкетниот лист поднесен до ДКСК по именување на функцијата член на ___________________ не пријавил дека е сопственик на Друштво за трговија и услуги ___________________ експорт-импорт Скопје.

ДКСК, по разгледување на анкетниот лист на ___________________ поднесен до ДКСК на ден 28.02.2019 година, по именување на функцијата член на _______________________ и по увидот во дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија утврди дека именуваниот во анкетниот лист поднесен до ДКСК , во делот хартии од вредност и удели, не пријавил дека е сопственик на Друштво за трговија и услуги ___________________ експорт-импорт Скопје .

Тргнувајќи од наведеното, ДКСК на лицето _________________ му издаде прекршочен платен налог број 08-1889/3 од 21.07.2020 година за прекршок утврден по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со оглед на фактот што од страна на именуваниот во законски предвидениот рок не е постапено по издадениот прекршочен платен налог, ДКСК на ден 28.10.2020 година до Прекршочната комисија во ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка против лицето ____________________.

Од страна на Прекршочната комисија во ДКСК е донесено Решение број 14-1054/1 од 05.03.2021 година, со кое __________________ е огласен за одговорен за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон, и му е изречена глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч., рак.на одделение
Одобрил: Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**